**20192383718**

## ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Врз основа на член 44, став (4) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот за лиценца за инспектор (во натамошниот текст: „Образец за лиценца“).

Член 2

(1) Образецот за лиценцата е печатен на хартија во бела боја, во А4 формат.

(2) Формата и содржината на образецот за лиценца е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на полагањето на испитот за инспектор, како и формата и содржината на барањето за полагање на испит и на лиценца за инспектор („Службен весник на Република Македонија“ број 21/16).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19).

Бр.01-928
7 ноември 2019 година
Скопје

Инспекциски совет
Претседател,
м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска,** с.р.

Прилог: Образец на лиценца за инспектор

Република Северна Македонија

# ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Врз основа на член 44, став (4) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ Број102/19), Инспекцискиот совет издава

# ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР

________________________________________

(вид на инспектор)

________________________________________

(име, име на родител, презиме)

____________________

(сериски број)

____________________

(датум на издавање)

Претседател на Инспекциски совет

____________________

(потпис)